Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -1688/11
од 10 -04- 2025 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 и член 52 став 3 и став 5 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за невршење на избор на кандидат за унапредување по Интерен оглас 01/2025

1.**НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 01/2025 во Општина Кисела Вода за извршител на работно место **Раководител на одделение за постапување по инспекциски работа и контрола – виш инспектор во Сектор за инспекциски работи.**

2.Одлуката од Точка 1 ќе се објави на веб страната на Општина Кисела Вода.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На ден 26.03.2025 година на интернет страната на Општина Кисела Вода и Агенција за администрација е објавен Интерен оглас 01/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Општина Кисела Вода за работно место **Раководител на одделение за постапување по инспекциски работа и контрола – виш инспектор во Сектор за инспекциски работи.**

Врз основа на објавениот Интерен оглас, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-1688/9 од 08.04.2025 година на ден 09.04.2025 година спроведе administrativna селекција по интерен оглас за што состави Записник бр.04-1688/10 од 09.04.2025 година. Комисијата констатирала дека на интерниот оглас за горенаведеното место се пријавиле 3 (тројца) кандидати од кои 0 (нула) уредни и 3 (тројца) неуредни кандидати. Како причина за неуредност на прво пријавениот кандидат Билјана Тренчовска е контстирано дека Кандидатот во Пријавата нема доставено доказ дека е државјанин на РСМ ( државјанство) со што не ги исполнува целосно условите наведени во огласот. Како причина за неуредност на второ пријавениот кандидат Валентина Ставаноска е констатирано дека кандидатот нема соодветен вид на образование односно во огласот за вид на образование се бара:научно подрачје „природно-математички науки" научно поле „наука за земјата и сродни науки за животна средина", а кандидатот има доставено диплома за дипломиран земјоделски инженер насока градинарско – цвеќарска, кое според Фраскатиевата класификација спаѓа во научно подрачје „земјоделски и

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија
тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

ветеринарни науки„ научно поле „земјоделство, шумарство и рибарство", научно потполе„растително производство" научна област „градинирство" и „цвекарство и декоративни растенија". Како причина за неуредност на трето пријавениот кандидат Антонио Таневски констатирано е дека нема соодветен вид на образование бидејќи во огласот за вид на образование се бара:научно подрачје „природно-математички науки" научно поле „наука за земјата и сродни науки за животна средина", а кандидатот има доставено уверение за завршен „Шумарски факултет", насока „Шумарство" кое според Фраскатиевата класификација спаѓа во научно подрачје „земјоделски и ветеринарни науки„ научно поле „земјоделство, шумарство и рибарство", научно потполе„шумарство".

Имајќи го во предвид предходно наведеното на огласот нема пријавено ниту еден уреден кандидат, каде што согласно член 52 став 3 од Закон за административни службеници се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

**Изработил**
Милена Ѓоргиевска

**Контролирал/Одобрил**
Цветанка Тодоровска

СЕКРЕТАР
на Општина Кисела Вода
Мирко Ивановски

------------------------

Доставено до:
- *Интернет страната на Општина Кисела Вода*
- *Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ*
- *архива*